**Д-р Александра Груевска – Дракулевски, вонреден професор**[1]

# ПОМЕЃУ КАЗНАТА ЗАТВОР И УСЛОВНАТА ОСУДА: ПРЕДНОСТИ И НЕГАТИВНИ СТРАНИ ОД (НЕ)ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ И НА КАЗНАТА ЗАТВОР[2]

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК: 343.281:343.261-021.273**

## Апстракт

*Авторката на трудот се занимава со основниот проблем во казнено-правната теорија и практика - пронаоѓање, избор на средства и методи за најуспешно, најефикасно спречување, сузбивање и превенирање на криминалитетот како најголемо, најмасовно, скоро несовладливо општествено зло. Анализирајќи ја казнената политика на судовите во Република Македонија, авторката заклучува дека најчесто изрекувани санкции се казната затвор и алтернативаната мерка условна осуда. И тоа, казната затвор се користи премногу; а условната осуда се користи дури и претерано. А, помеѓу двете санкции речиси има вакуум на изрекување на останатите санкции. Ова е тренд што го забележуваме не само во домашната судска пракса, туку и во голем број други држави. Понатаму во трудот авторката ги изнесува главните критики што ѝ се упатуваат на казната затвор како и предностите на алтернативните мерки. Спротиставувајќи ги аргументите во однос на предностите и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, авторката заклучува дека во казнено-правната теорија и практика на нашата држава треба да се обликува концептот на ефикасна примена на „алтернативни мерки” што треба да ја заменуваат казната затвор. Исто така, авторката ги анализира и најзначајните меѓународни документи во кои се препорачува рестриктивна примена на казната затвор за сметка на широка примена на вонинституционалниот третман.*

**Клучни зборови:** казна затвор, алтернативни мерки, условна осуда, пробација, меѓународни документи, рецидивизам, криминална политика, казнена политика на судови.

## Вовед

Казнено-правната теорија и практика занимавајќи се со основниот проблем – спречување, сузбивање и превенирање на криминалитетот како најголемо, најмасовно, скоро несовладливо општествено зло, постојано се занимава со проблемот на пронаоѓање, избор на средства и методи со кои најуспешно, најефикасно ќе го разрешува проблемот на егзистенцијата на криминалитетот во општеството. Низ целата историја на постоењето на општеството, криминалитетот е присутен секогаш во нови форми и облици што одговаат на степенот на цивилизациски и химанистички развој на општеството (Арнаудовски/ Груевска-Дракулевски: 2013).

Еден од главните предизвици со кој се соочуваат оние кои ја носат казнената политика, е како општеството би требало да реагира спрема оние кои го кршат

---

[1] Вонреден професор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Институт за казнено право, Катедра за криминологија и пенологија.
E-mail: aleksandra_gruevskadrakulevski@yahoo.com.

[2] Трудот е презентиран на научната и стручна расправа на тема „Судско одмерување на казните и практична примена на алтернативните мерки во македонското законодавство“ во организација на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија (ЗКПКМ) во соработка со Здружение на судии на Република Македонија (ЗСРМ) и IRZ – Германската фондација за меѓународна правна соработка, одржана на 23.11.2016 година во хотел Арка, Скопје.

правото. Земајќи го во предвид постојаниот раст на стапките на криминалитет, ова е прашање што го привлекува вниманието со години (Груевска-Дракулевски: 2012).[i]

Резултатите од истражувањата за судската казнена политика покажуваат дека најчесто изрекувани санкции се казната затвор и алтернативаната мерка условна осуда. И тоа, казната затвор се користи премногу; а условната осуда се користи дури и претерано. А, помеѓу двете санкции речиси има вакуум на изрекување на останатите санкции (Morris/ Tonry: 1991). Ова е тренд што го забележуваме не само во домашната судска пракса, туку и во голем број други држави.

Праведен и ефикасен систем на казнување треба да вклучува примена на голем број на санкции/ казни, а не само избор помеѓу казна затвор и условна осуда. Стремежот треба да биде кон зголемување на изрекувањето на санкции потешки од условната осуда и полесни од долгите казни затвор. Односно, судовите се истовремено и премногу благи и премногу строги; преблаги со голем број на условни осуди кои треба да биде предмет на построги санкции во заедницата, и премногу строги со многу затворски казни на лица кои не би претставувале сериозна закана за безбедноста на заедницата, ако бидат под контрола во заедницата.

Во литературата што се однесува на алтернативните санкции и мерки се инсистира на терминот „средни мерки“ (intermediate sanctions) или „мерки во заедницата“ (community sanctions and measures) наместо „алтернативни казни” или „алтернативни санкции“, од причина што употребата на зборот „алтернативи“ претпоставува дека овие санкции се замена за `вистинските` казни. Се тргнува од претпоставката дека норма на казната е казната затвор, врз основа на која треба да се мерат/ степенуваат сите други казни/ санкции. Ова не е точно, ниту историски ниту во сегашната пракса. Повеќето кривични дела, ниту порано, ниту денес не се казнуваат со казна затвор. Казната затвор може да биде норма или императив на казнување според сфаќањата на широката јавност, но не и за оние кои се запознаени со кривично-правниот систем (Morris/ Tonry: 1991).[ii]

Понатаму во трудот авторот ги изнесува главните критики што ѝ се упатуваат на казната затвор како и предностите на алтернативните мерки. Исто така, авторот накрато се осврнува на казнената политика на судовите во Република Македонија.

### 1.1 Критика на казната затвор[iii]

Прашање што заслужува внимание е прашањето за кризата на затворот и бројните критики што му се упатуваат. Во последните две декади од минатиот век се јавува силно аболиционистичко движење со јасно залагање за постапно намалување на неговата примена и заменување со алтернативи на затворот, мерки на вонинституционален третман и алтернативни мерки. Но, сепак затворот сѐ уште останува доминанта казна во казнените системи на државите за што наоѓаме потврда во анализата на казнените политики.

Во основата на казната затвор лежи репресивност, ретрибутивност, пунитивност, а од друга страна истата се применува со цел ресоцијализација на криминалците, што се јавуваат како крајно антагонистички цели на казната затвор (Арнаудовски/ Груевска-Дракулевски: 2013).

Ресоцијализацијата што се остварува во затворската средина се остварува во средина што самата по себе не е идеална, чиста, беспорочна, во која силно се чувствува влијанието на т.н „затвореничко општество“. А, од друга страна по завршување на процесот на ресоцијализација, лицето се враќа да продолжи да живее на слобода во средината во која првично постанал делинквент, а која битно не се изменила по неговото враќање во неа (Арнаудовски/ Груевска-Дракулевски: 2013).

Парадоксот на казната затвор - условите во кои се издржува казната затвор се толку лоши што претставува најлоша можна подготовка за успешно повторно враќање во општеството.

Мишел Фуко (Michel Foucault) (1977) во своето познато дело „Дисциплина и казна: раѓање на затворот" ("Discipline and Punish: The Birth of the Prison") пишува дека појавувањето на казната затвор не претставува похумана форма на казнување како што многу теоретичари истакнувале. Напротив, тоа е обид да се казнува поефикасно и да се креира дисциплинирано општество преку техники на надзор, класификација и прегледи, нешто што многу ефикасно сака да го постигне Џереми Бентам (Jeremy Bentham) во 1785 со неговиот предлог за Panopticon (Bentham: 1787).[iv] Фуко (Foucault) (1977) понатаму истакнува дека казната затвор е вечен неуспех, бидејќи не ја намалува стапката на криминалитет, а причината зошто толку долго опстојува е бидејќи стои на едниот крај од еден континуитет во кој надзорот и контролата се нормално нешто во целото општество. Тој се користи со терминот 'carceral archipelago', при тоа, зборот 'carceral' се однесува на затвор, зборот 'archipelago' означува кластер на острови. Идејата на Foucault е дека живееме во свет во кој постојано сме набљудувани, осудувани, дисциплинирани, контролирани од различни 'експерти' кои пишуваат извешати за нас, а судиите како што истакнува тој се насекаде (Foucault: 1977, стр.304).

Според 'Листата на затворска популација во светот' (`World Prison Population List`) (Walmsley: 2015) повеќе од 10.35 милиони луѓе се сместени во пенитенцијарни институции. Она што може да се извлече како заклучок е честата примена на казната затвор. Од друга страна, пониските стапки на изречени казни затвор во одредени држави не зборуваат за пониски стапки на криминалот воопшто, со исклучок на САД, туку за порестриктивна примена на казната затвор за сметка на применување на алтернативите на казната затвор особено на алтернативните санкции.

Но, секако не е за занемарување ниту растечкиот тренд на криминалитетот во светот, што во никој случај не е оправдување за вака широка примена на казната затвор од причини што таа произведува огромни трошоци, а од друга страна сè повеќе се става под знак прашалник нејзината ефикасност за намалување на стапката на криминалитетот воопшто, за поправање, ресоцијализација на осудените лица, па оттаму и за намалување на стапката на рецидивизам.

Најзначајните критики што му се упатуваат на затворот се израз на песимизмот и разочараноста од неговите ефекти. Казненоправната теорија зборува за претежно негативното дејство на казната затвор. Затворот не ги остварува очекуваните позитивни ефекти во однос на ресоцијализација и социјална адаптација. Затворот стигматизира, шири „криминална зараза", неутрализира, го изолира осуденото лице од сите, што значи од позитивните влијанија на општествената заедница, го оддалечува од семејството, од работниот и професионалниот ангажман. Затворите се 'училишта' за осудените лица. Ова, особено се однесува на долготрајните казни затвор. Тие не само што немаат позитивно влијание во правец на превоспитување и поправање на осудените лица, туку, напротив, произведуваат рецидивисти или психијатриски случаи (Камбовски: 2006).

Во определени случаи доаѓа до адаптирање кон условите во затворот што сосема ја оневозможува реинтеграцијата во општеството, феномен објаснуван во теоријата како 'призонизација'.

На казната затворот ѝ се приговара и поради фактот на неекономичност. Понатаму, затворската казна е еднострано насочена. Се работи на превоспитување на осуденото лице и истото се подготвува за живот на слобода во согласност со законите, но притоа се заборава дека по отпуштањето лицето се враќа во средината која на прво

место влијаела лицето да западне во криминал (Арнаудовски/ Груевска-Дракулевски: 2013).

Критика се упатува и на краткотрајните казни затвор, за кои во теоријата често се среќаваат становишта за нивна неефикасност и бескорисност со предлози за нивно целосно напуштање. Од друга страна, затворската пренатрупаност е реална тешкотија со која се соочуваат речиси сите европски држави, како и САД. Тоа само ги потенцира негативните ефекти на казната затвор.

Казненоправната и криминолошко-пенолошката мисла во светот изразува сомнеж во можноста за постигнување ресоцијализација преку казната затвор. И покрај различните третмани што се применуваат, криминалитетот наместо да се намалува, истиот расте, се јавуваат нови форми, а истовремено бројот на рецидивистите расте (Груевска-Дракулевски: 2016).

Во секој случај може да се заклучи дека казната затвор сама по себе не претставува криминоген фактор иако може да се јави како таков. Но, она што не смее да се заборави е дека тоа пред сè зависи од самата организација на затворот и методите на третман што се применуваат врз затворениците, бидејќи од тоа како затворот ќе се снајде во врска со отстранување на штетните влијанија, од тоа во голема мера ќе зависи евентуалниот подоцнежен рецидив на осуденото лице (Груевска-Дракулевски: 2016).

Понатаму, од не помало значење се затворските депривации (непријатности). Страв, загриженост, анксиозност, осаменост, траума, депресија, неправда, немоќност, насилство и несигурност се дел од искуството од затворскиот живот (Liebling and Maruna: 2005).[v]

Сајкс (Sykes) (1958) идентификувал пет затворски депривации: 1. губење на слободата (ограничувања, одвојување од семеството и пријателите, отфрлање од средината, загуба на граѓанство: граѓанска смрт, губење на емоционални врски, осаменост и досада); 2. депривација на ствари и услуги (избор, удобности и материјални ствари); 3. фрустрација на сексуални потреби (затворениците фигуративно се кастрирани со недоброволен целибат); 4. депривација на автономија (рутински режим, работа, активности, тривијални и очигледно бесмислени забрани – на пример, доставата на писма, недостаток на објаснување за одредени одлуки); 5. депривација на сигурност (наложено дружење со други непредвидливи затвореници, што предизвикува страв и анксиозност, затворениците мора да се борат за сигурноста на својата личност и стварите што се нивна сопственост) (стр. 63-78).

Гало и Руџеро (Gallo and Ruggiero) (1991) ги опишуваат затворите како „светови за `декомуникација`“, а потврда на тоа се и двете психолошки студии кои се од особена важност за современото затворско искуство, а кои теоријата ги занемарува и ги дискредитира. Станува збор за студијата на Стенли Милграм (Stanley Milgram) (1974) за покорности експериментот на Зимбардо (Zimbardo) за модел на затвор. [vi]

Многу истражувања потврдуваат дека долгите казни затвор што им се изрекуваат на рецидивистите се неадекватни од причина што само го зајакнуваат „кругот на зависност, институционализација и криминал“ (Liebling and Maruna: 2005, стр.5). Ова најдобро го потврдува сведоштвото на затворник во кое тој вели: „затворот ниту ме поправа, ниту ме застрашува. Тој го потврдува и комплетира уништувањето на мојата личност, и ме направи толку зависен што јас скоро и да сум потполно неспособен за живот надвор од затворот. Затворот е единственото место во кое јас можам да живеам задоволително, и многу љубезно од Вас што ме вративте во него, бидејќи животот надвор е премногу мачен и напорен“ (Parker: 1963, стр. 156, цит. во Liebling and Maruna: 2005, стр. 5).

Пренатрупаноста на затворите, понатаму, предизвикува и други проблеми, како на пример несоодветен третман на затворениците.

Пренатрупаноста не е проблем со кој се соочува само Република Македонија. Оттаму, од страна на Светот на Европа донесена е и Препорака бр. Р(99)22 на Комитетот на министри на земјите членки во врска со затворската пренатрупаност и зголемување на затворската популација (усвоена од страна на Комитетот на министри на 30 септември 1999 година) (Recommendation No. R (99) 22 of the committee of ministers to member states concerning prison overcrowding and prison population inflation) во која се укажува дека пренатрупаноста е криминоген фактор, оттаму има силно влијание врз рецидивизмот, следствено ги охрабруваат јавните обвинители и судиите на земјите членки за поширока примена на алтернативите на казната затвор, потоа упатуваат на медијација во казнени предмети, дејуридизација, диверзија од формалната казнена постапка.

Во оваа насока ќе ги наведеме клучните проблеми со кои се соочува пенитенцијарниот систем во Република Македонија, а тоа се: пренатрупаност (пренаселеност) во казнено-поправните установи (КПУ); несоодветна кадровска екипираност на КПУ; висока стапка на пенолошки поврат; проблемот на „ранливи категории” затвореници во КПУ; несоодветни услови во КПУ; несоодветна здравствена заштита на затворениците; несоодветен третман на затворениците во насока на остварување на процесот на ресоцијализација (Груевска-Дракулевски: 2014).

### 1.2 Начини за надминување на „кризата на затворите”. Концептот ’алтернативи на казната затвор’ – предности и негативности во однос на казната затвор

Имајќи ги во предвид критиките што ѝ се упатуваат на казната затвор, накратко ќе ги изложиме начините за надминување на „кризата на затворите“ широко прифатени во западно развиените држави, тренд кој и Република Македонија се стреми да го следи.

Имено, во последните декади државите сè повеќе прибегнуваат кон примена на суспститутите на казната затвор, во прв ред кон имотните казни. Алтернативните мерки добиваат сè поголемо значење, како и санкциите во заедницата. Истите чинат многу помалку од затворот, ги растоваруваат затворите, а што е најважно се избегнуваат негативните ефекти на казната затвор, особено ова важи за сторителите на полесните казнени дела. При нивното изрекување и извршување концептот на правда воопшто не се загрозува бидејќи тие водат сметка за положбата на оштетениот, жртвата, а осудениот се подложува на третман и надзор од стручни и овластени лица во заедницата. Очекувањата се дека со оглед на фактот што казната ќе се извршува во заедницата, во целост ќе се остварат позитивните ефекти што во голема мера ќе придонесе за значително намалување на стапката на рецидивизам (Груевска-Дракулевски: 2016).

Заложбите на казнената политика на Република Македонија треба да се движат во овој правец. Имено, алтернативни мерки воведени во Кривичниот законик на Република Македонија пред повеќе од една деценија не смеат да останат само „мртво слово“ на хартија. Напротив, истите треба да најдат широка примена на сметка на сè порестриктивна примена на казната затвор. Алтернативните мерки се особено погодно средство за замена на кратките казни затвор, значи истите треба да најдат широка примена за полесните казнени дела.

Правени се бројни истражувања со цел да се споредат стапките на рецидивизам на поранешни затвореници и лица на кои им била изречена алтернативна санкција во

заедницата за да се види која санкција е поефикасна за намалување на стапката на рецидивизам. Така, Килиас и др. (Killias *et al.*) (2006) прават истражување користејќи се со методот на мета-анализа, значи вршеле анализа на повеќе студии кои се занимавале со проблемот на утврдување дали е поефикасна казната затвор или алтернативните санкции во намалувањето на рецидивизмот, но со оглед на фактот што мета-анализата не може да оди пред резултатите на оригиналната студија, заклучуваат дека резултатите од мета-анализата може да доведе до погрешни заклучоци. Затоа, предлагаат во иднина да се развијат стандарди на евалуација на полето на истражување на рецидивизмот.

Според резултатите од истражувањето, заклучиле дека стапката на рецидивизам кај оние на кои им била изречена санкција во заедницата била пониска од стапката на рецидивизам кај лицата на кои им била изречена казна затвор. Сепак, Килиас и др. (Killias *et al.*) (2006) не успеале да извлечат цврст заклучок од спроведеното истражување за ефектот на казната затвор односно алтернативните санкции врз рецидивизмот. Но, сепак тие ги охрабруваат креаторите на казнената политика да ги земаат во предвид многуте избори и ограничувања, а при изборот на најсоодветна санкција да ги имаат во предвид трошоците (вклучувајќи ги и оние што ги погодуваат партнерите и децата на престапникот), правичноста (на пр. спрема жртвите на партнерите-насилници) и конзистентност во казнувањето без ризик од предизвикување колатерална штета во биографиите на сторителите на казнени дела (Killias *et al.:* 2006, стр.44). При изрекувањето на казната затвор не смее идеја водилка да биде третманот што ќе се спроведе во затвор од причина што ефектите на третманот сѐ уште не се доволно јасни, а од друга страна времето кое лицата го проведуваат во затвор е премногу кратко за евентуалниот успех од третманот да им неограничен рок.

Концептот ’алтернативи на казната затвор’ различно се интерпретира во последните неколку децении години. Не се работи за статичен концепт, напротив истиот остава можност за иновации и креативност во иднина.

Развојот на концептот ’алтернативи на казната затвор’ или вистинската ера на ’алтернативи на казната затвор’ му претходи на тоталниот ’колапс на рехабилитативниот идеал’ (Bottoms *et al.:* 2004). Наспроти, се јавива концептот на ’декарцерација’ со убедување дека станува збор за поекономични санкции и истовремено поефикасни од казната затвор.

Санкциите во заедницата имаат долга традиција на широка примена во одредени држави, пред сѐ англосаксонските земји, за разлика од земјите кои припаѓаат на континенталниот систем кои ги воведоа во своите казнени законодавства неодамна.

Во теоријата може да се сретнат становишта според кои пробацијата не е применлива за примарните престапници и дека истата треба да се изрекува на рецидивистите. Истражување спроведено во Велика Британија (во траење не помалку од шест години), покажало дека кога пробацијата се применувала врз првопрестапници, стапката на рецидивизам била многу поголема од тоа што би можело да се очекува. Од друга страна, во случај на повеќекратен рецидивист не е важно која санкција е применета барем што се однесува за подоцнежните казнувања. Кога судот има работа со престапници кои рецидивирале неколку пати, пробацијата резултира со намален степен на рецидивизам (Žakman-Ban *et al.:* 1997).

Условната осуда се опишува како ’Демоклов меч’ и се истакнува како средство за искористување на застрашувачките ефекти на затворот, а притоа се одбегнуваат некои човекови и финансиски трошоци. Ефектот на застрашување на условната осуда лежи во фактот што последиците од рецидивирање за време на периодот на проверување се ‘познати и сигурни’. Претходните истражувања покажале дека

условните осуди малку влијаат на тоа да ја намалат употребата на затворот и во определени случаи дури и ја зголемуваат (Weatherburn and Bartels: 2008).

Во казнените законодавства на различни држави се применуваат различни форми на ’алтернативи на казната затвор’, сепак, истите може да се систематизираат во три групи: санкции на самоконтрола (`self-regulatory`), финасиски и санкции на надзор. Првата група санкции вклучуваат одредена форма на јавна опомена која се смета дека е доволна да го посрамоти лицето за стореното и да го одврати од идно повторно вршење криминал. Финасиските санкции се јавуваат во два вида, како парична казна и како компензација која се плаќа (преку судовите) на жртвата и има за цел репарација. Санкциите на надзор, пак, се изрекуваат кога судот смета дека не е можно да се спречи рецидивизмот кај одредено лице без поддршка или надзор кој може да вклучува рехабилитација (преку образование, терапевтски програми, советување), репарација (преку неплатена работа во заедницата) и затворање (во пенитенцијарна установа или електронско набљудување) (Worall, Anne, цит. во McLaughlin and Muncie: 2003).

Санкциите во заедницата имаа бројни предности во однос на казната затвор. Колку и да звучи прозаично, сепак, многупати е потврдено дека ризик фактори за рецидивирање се семејството, финасиите, работата и сл. Така, санкциите во заедницата му овозможуваат на престапникот да го одржи семејството, да ја задржи работата, социјалните врски, потоа, му се остава можност да ја поправи штетата причинета со стореното казнено дело. Санкциите во заедница, исто така, му овозможуваат на престапникот да ја одбегне стигмата на затвореник, а што е уште поважно му овозможува да ја избегне “криминалната зараза“ која неизбежно се шири во контактите со криминалците во затвор. Од друга страна, станува збор за санкции кои се многу поефтини за администрирање отколку затворот.

Она што на алтернативите на казната затвор може да им се истакне како негативност е проблемот на „имиџ“. Имено, широката јавност, а некогаш дури и стручната јавност повеќе внимание посветува на казната затвор како доминантна казна притоа занемарувајќи ги алтернативите на казната затвор.

На патот на промовирањето на алтернативите на казната затвор како доминантни во казнувањето на криминалците стојат неколку пречки. Пред сè, многу е тешко да се убеди јавноста, а и медиумите во корисноста и ефикасноста на овие санкции во борбата против криминалитетот и во предностите што ги имаат пред казната затвор. Сè уште на овие санкции не се гледа како на казна и секогаш кога ќе се постави прашањето за казнување на сторител на казнено дело, некако по *default* се подразбира дека на лицето треба да му се изрече казна затвор. Бидејќи во спротивно товарот на перцепцијата на јавноста за условно лесниот третман спрема криминалците во државата паѓа на органите на казнениот прогон да објаснуваат дека независно од името, алтернативи на казната затвор, сепак станува збор за казна спрема престапникот која ќе ја оствари зацртаната цел на казнувањето, од една страна, остварување на правдата, а од друга страна, специјална и генерална превенција на истите (Груевска-Дракулевски: 2016).

Понатаму, следен проблем или негативност на овие санкции е прашањето за неправедно и неконзистентно казнување. Доволно е да се направи анализа на затворската популација да се заклучи дека казната затвор е пред сè резервирана за лицата кои се на маргините на општеството, а притоа честото изрекување на казната затвор на оваа група престапници нема врска со сериозноста на стореното казнено дело. Тоа, од причина што алтернативите на казната затвор се повеќе резервирани за оние кои се условно речено во социјална предност, т.е оние кои имаат средства да ја платат, на пр. паричната казна, оние кои се на пр. вработени, со средени семејни односи и сл., па за овие лице се смета дека алтернативните санкции ќе имаат ефект, т.е

целта на казнувањето ќе се оствари  со предупредување со закана на казна (условна осуда), само предупредување (судска опомена) или со мерки на помош и надзор на однесувањето на сторителот на слобода. Па така, на оваа група лица, често пати може да им биде изречена судска опомена, условна осуда и сл., или казна забрана на вршење професија, дејност или должност,  забрана на управување со моторно возило и сл., а многу ретко казна затвор (Груевска-Дракулевски: 2010).

Третиот проблем или негативност на алтернативите на казната затвор е прашањето на т.н "net-widening" или проширување на социјалната контрола, прашање кое за прв пат се поставува во литературата во 1960ите години во рамки на развојот на теоријата на етикетирање. Според овој концепт со широката примена на овие санкции „сè повеќе луѓе се вовлекуваат во мрежата на кривичноправниот систем, а тоа може да имплицира зголемување на можноста тие евентуално да завршат во затвор" (Worall, Anne, цит. во McLaughlin and Muncie: 2003, стр.45). Понатаму, следна забелешка на алтернативите на казната затвор, а која е најизразена кај електронкиот надзор во домот на престапникот е проширување на ограничување на слободата надвор од затворските ѕидини во заедницата. Проблем кој Cohen (1985 цит. во  Worall, Anne, во McLaughlin and Muncie: 2003) го развива како концепт на 'проширување на дисциплината' ("dispersal of discipline").

Четвртиот проблем на алтернативите на казната затвор е проблемот на нивно извршување поради фактот што тие секогаш функционираат 'во сенка' на казната затвор. Имено, ако лицето не ја плати паричната казна или ги прекрши условите на условната осуда или не ја извршува општокорисната работа или ако ја прекши забраната за напуштање на домот кај куќниот затвор и сл., судот има право веднаш да го испрати лицето во затвор (Груевска-Дракулевски: 2010).

Да заклучиме, независно од негативностите кои им се упатуваат на алтернативите на казната затвор, сепак превагнуваат предностите за нивна имплементација и широката примена на истите треба да биде императив за органите на казнениот прогон што ќе придонесе за надминување на проблемите на казната затвор како, затворска пренатрупаност, ширење криминална зараза, одбегнување на стигмата на поранешен затвореник и сл., а сето тоа во насока на намалување на стапката на рецидивизам и на стапката на криминалитет воопшто.

Притоа, не смее да се занемари и фактот на нивна поекономичност во однос на имплементацијата на казната затвор и нивна поголема ефикасност во борбата против криминалитетот.

Но, она што мора да се направи е да се убеди стручната и пошироката јавност во овие аргументи и во фактот дека овие санкции всушност се казна и дека со нив сторителите на казнени дела доживуваат ограничување на нивната слободата. Така, условната осуда, условната осуда со заштитен надзор, условното прекинување на кривичната постапка, општокорисната работа, судската опомена и куќниот затвор од репертоарот на неодамна воведените алтернативни санкции и мерки и паричната казна, забраната на вршење професија, дејност или должност, забраната на управување со моторно возило и протерувањето странец од земјата, од репертоарот казни, ќе најдат соодветна примена во казнената политика и успешно ќе ја остваруваат целта на остварување на правдата и генерална и специјална превеција, а казната затвор ќе се применува само во исклучителни случаи, тогаш кога нејзината примена е неизбежна, спрема сторители на тешки казнени дела, а кога тоа е од интерес на заштита на заедницата од овие лица (Груевска-Дракулевски: 2010).

Не од помало значење е активната улога на судијата кон делото, сторителот и санкцијата што треба да се примени. Во услови на чисто административен однос на судијата и најдобриот систем на кривични санкции нема да даде резултати.

### 1.3 Меѓународни документи (документи на Советот на Европа) (во кои се препорачува рестриктивна примена на казната затвор за сметка на широка примена на вонинституционалниот третман)

Накратко ги презентираме активностите на Советот на Европа на планот на заложба за рестриктивна примена на казната затвор, имајќи ги во предвид негативните ефекти што ги предизвикува, за сметка на широка примена на алтернативните мерки.

Министерскиот комитет на Советот на Европа во 1992 година ја донесе Препораката Р. (92) 16 за Европските правила за алтернативните санкции и мерки применувани во заедницата (community sanctions and measures). Осум години подоцна следува и Препораката (2000) 22, за подобрување на имплементацијата на Европските правилата за санкции и мерки во заедницата во државите членки (Recommendation Rec(2000)22 of the Committee of Ministers to member states on improving the implementation of the European rules on community sanctions and measures (Adopted by the Committee of Ministers on 29 November 2000 at the 731st meeting of the Ministers' Deputies). Тоа се документи од кој може најдобро да се види резервираноста, па дури и скептицизмот спрема затворот и затворањето во криминалната политика на најрепрезентативните европски држави.

За режимот на алтернативните санкции и мерки од особено значење се следниве принципи утврдени со Правилата: инсистирањето тие да се пропишуваат само со закон (правило 3); исклучување на нивното неопределено траење (правило 5, модифицирано со Препораката од 2000 година); сразмерност со тежината на делото, со едновремено уважување на околностите сврзани со личноста на сторителот (правило 6); експлицитна законска одреденост на условите и обврските кон кои мора да се придржува сторителот и консеквенциите од нивното непридржување (правило 9); судските гаранции и постапката по жалба во текот на нивната примена (правило 12 и сл.); согласност и кооперација на сторителот (правило 30); инволвираност и активно учество на заедницата (правило 44 и сл.) итн. (Каневчев: 2006).

Понатаму во дополнувањето на Препораката (Appendix 2 to Recommendation Rec(2000)22) во дел 3 се истакнува потребата од ревидирање на формалните одредби со кои се ограничува примената на санкции и мерки во заедницата спрема сериозни сторители на казнени дела и рецидивисти.

Според Препораката (2003)22 за условен отпуст (Recommendation Rec(2003)22 of the Committee of Ministers to member states on conditional release (parole) (Adopted by the Committee of Ministers on 24 September 2003 at the 853rd meeting of the Ministers' Deputies) Appendix to Recommendation Rec(2003)22) во делот (8) се истакнува дека со цел да се намали ризикот од рецидивизам кај условно отпуштените затвореници, треба да се изречат индивидуализирани услови како: плаќање компензација или репарација на жртвите; вклучување во третман за злоупотреба на дрога или алкохол; посетување училиште или курс за доквалификација; учество во програми, забрана за посета на одредени места. Понатаму во 11.44 се истакнува потребата да се препознае дека условниот отпуст е ефикасно и конструктивно средство за превенирање на рецидивизмот и промовирање на реинтеграцијата на лицата. Оттаму, се препорачува вршење евалуации и истражувања за влијанието на условниот отпуст врз намалување на рецидивизмот. Понатаму, се поставува барање за утврдување принципи во однос на изрекувањето институционални казни од аспект на препознавање на условниот отпуст како најефикасно и најконструктивно средство во борбата против рецидивизмот и реинтеграцијата на осудените лица. Овозможување на планирана реинтеграција под специјален надзор на лицето. Истото се препорачува и со член 44 од дополнувањето на

Препораката (Appendix to Recommendation Rec(2003)22). Понатаму, во делот 21. се истакнува потребата програмите и интервенциите во однос на реинтеграцијата да се базираат на различни методи. Во контекст на санкциите и мерките во заедницата посебно внимание треба да се посвети на учење на основни вештини (на пр., описменување, решавање проблеми, семејни, персонални итн.); образование и наоѓање работа, лекување на зависности од наркотици; прилагодување на средината и сл.

Секако ови препораки при следната новела треба да бидат вградени во ЗИС со цел алтернативните санкции и мерки да добијат посебно место.

## 1.4 Казнена политика на судовите во Република Македонија (2012-2015)

Анализата на казнената политика на судовите во Република Македонија (2012-2015) ги дава следниве заклучоци.

Од вкупниот број изречени кривични санкции во анализираниот период, во просек биле изречени 57.5% казни, а 42.5% алтернативни мерки.

Од вкупниот број изречени казни, во просек, отпаѓа на казната затвор – 55.5%, 40.8% се изречени парични казни, следи казната забрана за управување со моторно возило – 1,7%, во 1,4% е изречена парична казна како споредна казна, 0,5% од изречените казни се протерување странец од земјата и 0,1% од изречените казни биле забрана за вршење професија, дејност или должност.

Од друга страна, од вкупниот број изречени алтернативни мерки (42.5%), дури 94.3%, во просек, биле изречени условни осуди на казната затвор, потоа, 3.4% биле условни осуди на парична казна и 2.3% биле изречени судски опомени. Останатите алтернативни мерки: условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на кривичната постапка, општокорисна работа и куќен затвор, воопшто не биле изречени, со исклучок на алтернативната мерка општокорисна работа, која била изречена во два случаи во 2012 година (Податоците се сумирани во Табела 1.).

Споредено со претходен период на анализа (2007-2011)[vii] дури и има зголемување на бројот на изречени казни за сметка на помал број изречени алтернативни мерки. Исто така, има зголемување на бројот на изречени казни затвор, како и зголемување на бројот на условни осуди на казната затвор (Груевска-Дракулевски: 2012).

Се соочуваме со една ситуација да овие алтернативни мерки останаа само „мртво слово” на хартија. Се поставува прашањето зошто е тоа така. Со оглед на фактот што казнената политика во однос на изречените ефективни казни затвор е блага, доминираат кратките казни затвор, и тоа, оние во траење до 6 месеци и од 6 месеци до 1 година (65,14%), нема причина зошто судиите не би се одлучувале почесто за некоја од алтернативните мерки, се разбира доколку се исполнети формалните и материјалните услови за нивно изрекување (Груевска-Дракулевски: 2012). Зачудува фактот зошто судиите во Република Македонија воопшто не ја изрекуваат, на пример, алтернативната мерка условно прекинување на кривичната постапка, за која нема потреба од создавање дополнителни услови за нејзино извршување. Или, зошто на пример, воопшто не е изречена алтернативната мерка условна осуда со заштитен надзор, особено ако се има во предвид дека постои надлежен орган кој ќе ја извршува истата, односно центрите за социјална работа.

Во секој случај, почестата примена на алтернативните мерки за сметка на ефективната казна затвор, ќе придонесе за разрешување на некои проблеми со кои се соочува нашиот пенитенцијарен систем, пред сè проблемот на пренаселеност (пренатрупаност) на казнено-поправните установи, потоа, алтернативните мерки се

начин за анулирање на проблемот на криминална инфекција што, пак, е значајно за намалување на стапките на рецидивизам во Република Македонија.

**Табела 1. Вкупно осудени полнолетни сторители на кривични дела според видот на изречената санкција (2012-2015)**

| | Вкупно | | Вид на санкција/ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | осудени | жени | казни-вкупно | казни | | | | | | алтернативни мерки-вкупно | алтернативни мерки | | | | | | | прогласен виновен-ослободен од казна |
| | | | | главни | | споредни | | | | | условна осуда | | условна осуда со заштитен надзор | условно прекинување на кривичната постапка | општокорисна работа | судска опомена | куќен затвор | |
| | | | | затвор | парична казна | парична казна | забрана за вршење професија | забрана за управување моторно возило | протерување странец | | затвор | парична казна | | | | | | |
| **2012** | **9042** | 624 | **5475** | **2807** | 2423 | 111 | 5 | 102 | 27 | **3565** | 3319 | 114 | 0 | 0 | 2 | 130 | 0 | 2 |
| **%** | | 6.9 | **60.6** | **51.3** | 44.3 | 2.0 | 0.1 | 1.9 | 0.5 | **39.4** | 93.1 | 3.2 | 0 | 0 | 0.1 | 3.6 | 0 | 0.02 |
| **2013** | **9539** | 701 | **5624** | **3064** | 2400 | 49 | 0 | 95 | 16 | **3914** | 3667 | 137 | 0 | 0 | 0 | 110 | 0 | 1 |
| **%** | | 7.3 | **59.0** | **54.5** | 42.7 | 0.9 | 0.0 | 1.7 | 0.3 | **41.0** | 93.7 | 3.5 | 0 | 0 | 0 | 2.8 | 0 | 0.01 |
| **2014** | **11683** | 1126 | **6263** | **3507** | 2532 | 83 | 9 | 97 | 35 | **5417** | 5029 | 314 | 0 | 0 | 0 | 74 | 0 | 3 |
| **%** | | 9.6 | **53.6** | **56.0** | 40.4 | 1.3 | 0.1 | 1.5 | 0.6 | **46.4** | 92.8 | 5.8 | 0 | 0 | 0 | 1.4 | 0 | 0.03 |
| **2015** | **10312** | 865 | **5848** | **3524** | 2089 | 88 | 3 | 104 | 40 | **4464** | 4358 | 43 | 0 | 0 | 0 | 63 | 0 | 0 |
| **%** | | 8.4 | **56.7** | **60.3** | 35.7 | 1.5 | 0.1 | 1.8 | 0.7 | **43.3** | 97.6 | 1.0 | 0 | 0 | 0 | 1.4 | 0 | 0 |
| **Средна вредност** | | **8.1** | **57.5** | **55.5** | **40.8** | **1.4** | **0.1** | **1.7** | **0.5** | **42.5** | **94.3** | **3.4** | **0.0** | **0.0** | **0.0** | **2.3** | **0.0** | **0.0** |

*Извор: Државен завод за статистика*

## Заклучок

Во Република Македонија, од воведувањето на алтернативните мерки во 2004 година се соочуваме со една ситуација да овие алтернативни мерки, за жал, останаа само „мртво слово” на хартија. Се поставува прашањето зошто е тоа така?

Носењето на новиот Закон за пробација[viii] се очекува да ги заживее алтернативните мерки. Законот се применува од 1 ноември 2016 година, така што сè уште е рано да ги коментирами ефектите од неговата примена.

Уште еднаш ќе потенцираме зошто современото казнено право инсистира на почеста примена на алтернативни мерки. Во оваа насока ќе потсетиме на Препораката на Советот на Европа во врска со конзистентност во казнувањето која се залага институционалните казни да се земаат во предвид како последна санкција и да се изрекуваат само во случаи на сторени тешки казнени дела (дел В точка 5(а)). Понатаму, се препорачува примена на вонинституционални санкции и мерки за сметка на рестриктивна примена на казната затвор за поединечни казнени дела (точка 5 (ц)). А, доколку лицето не се придржува до извршување на изречената вонинституционална санкција или мерка, во тој случај лицето може да се упати во затвор, но само доколку се исцрпени сите останати вонинституционални санкции и мерки.

Во Република Македонија треба да се земат во предвид препораките на Советот на Европа за што е можно поограничена примена на казната затвор и што е можно поширока примена на алтернативните санкции и мерки.

Вонинституционалните санкции гледано на подолг рок се многу поефтини од казната затвор, но условната осуда со заштитен надзор, општокорисната работа и куќниот затвор бараат почетно поголемо вложување.

Во секој случај, почестата примена на алтернативните мерки за сметка на ефективната казна затвор, ќе придонесе за разрешување на некои проблеми со кои се соочува нашиот пенитенцијарен систем, пред сѐ проблемот на пренаселеност (пренатрупаност) на казнено-поправните установи, потоа, алтернативните мерки се начин за анулирање на проблемот на криминална инфекција што, пак, е значајно, за намалување на стапките на рецидивизам во Република Македонија.

Исто така, мора да се убеди јавноста која не ретко истакнува дека казнената политика во Република Македонија е блага, дека не строгоста на казната, туку итноста на изречената казна и извесната казна ги одвраќаат лицата од сторување казнени дела. Јавноста треба да се убеди дека треба да се намали репресивноста на системот на казнанена правда.

Потоа, со вонинституционалните санкции воопшто не се доведува во прашање системот на казнена правда бидејќи тие водат сметка за положбата на оштетениот, жртвата, а осудениот се подложува на третман и надзор од стручни и овластени лица во заедницата и дека токму овие казни имаат поголем ефект во насока на намалување на стапките на рецидивизам.

Од друга страна, се истакнува претежно негативно дејство на казната затвор. Во основата на казната затвор лежи репресивност, ретрибутивност, пунитивност, а од друга страна истата се применува со цел ресоцијализација на криминалците, што се јавуваат како крајно антагонистички цели на казната затвор. Парадоксот на казната затвор - условите во кои се издржува казната затвор се толку лоши што претставува најлоша можна подготовка за успешно повторно враќање во општеството;

Не ги остварува очекуваните позитивни ефекти во однос на ресоцијализацијата и социјалната адаптација; е неекономична казна; стигматизира (теорија на етикетирање), го навикнува осуденото лице на мислата дека е криминалец; шири „криминална зараза“ - затворите се легло на криминална инфекција (’училишта за криминал’ за осудените лица); го изолира осуденото лице од сите, што значи од позитивните влијанија на општествената заедница, го оддалечува од семејството, од работниот и професионалниот ангажман, итн., што сѐ заедно му погодува на рецидивизмот; затворското искуство остава бројни негативни психолошки ефекти врз осудените лица. Потоа, произведува рецидивисти или психијатриски случаи (особено долгите казни затвор). Од не помало значење се и затворски депривации со кои се соочуваат затворениците. Следно, пренатрупаноста на затворите е проблем со кој се соочува пенитенцијарната пракса. Во услови на пренатрупаност се намалува можноста

за ресоцијализација, дисциплина и средување на хаосот во затворите; тоа понатаму има за последица несоодветен третман на затворениците (неможност да се обезбеди работа за сите затвореници, соодветен третман, имплементација на програми за рехабилитација итн., многу слободно време на затворениците што предизвикува досада, стрес, депресија); истото остава негативни психолошки ефекти врз затворениците (стрес, анксиозност, напнатост, депресија, чувство на беспомошност, емоционален дискомфорт и сл.).[ix]

Оттука, сите овие негативности на казната затвор или „кризата на затворите” се очекува да се надминат со примена на концептот ’алтернативи на казната затвор’ кои имаат бројни предности во однос на казната затвор, и тоа: истите чинат многу помалку од затворот; ги растоваруваат затворите; се избегнуваат негативните ефекти на казната затвор, особено ова важи за сторителите на полесните казнени дела; концептот на правда воопшто не се загрозува бидејќи тие водат сметка за положбата на оштетениот, жртвата, а осудениот се подложува на третман и надзор од стручни и овластени лица во заедницата.

Очекувањата се дека со оглед на фактот што казната ќе се извршува во заедницата, во целост ќе се остварат позитивните ефекти што во голема мера ќе придонесе за значително намалување на стапката на рецидивизам. Според резултати од истражувања во одредени држави во кои санкциите во заедницата имаат долга традиција на широка примена, пред сè англосаксонските земји, стапката на рецидивизам кај оние на кои им била изречена санкција во заедницата била пониска од стапката на рецидивизам кај лицата на кои им била изречена казна затвор.

Сепак, и концептот ’алтернативи на казната затвор’ има одредени негативности во однос на казната затвор, како на пример: проблемот на „имиџ“; проблемот на нивно извршување поради фактот што тие секогаш функционираат ’во сенка’ на казната затвор; неправедно и неконзистентно казнување; проблемот на т.н “net-widening” или проширување на социјалната контрола; концепт на ’проширување на дисциплината’.

Уште еднаш потсетуваме на документи од кој може најдобро да се види резервираноста, па дури и скептицизмот спрема затворот и затворањето во криминалната политика на најрепрезентативните европски држави.[x]

Во нив, меѓудругото, се препорачува да се развијат ефикасни програми за третман за време на издржување на казната затвор и по отпуштањето со цел реинтеграција на лицата, а со крајна цел намалување на рецидивизмот; обезбедување јавна безбедност и заштита и да им се влее на судиите и обвинителите верба во мерките што се спроведуваат во заедницата; се укажува дека пренатрупаноста е криминоген фактор, оттаму има силно влијание врз рецидивизмот; ги охрабруваат јавните обвинители и судиите на земјите членки за поширока примена на алтернативите на казната затвор; упатуваат на медијација во казнени предмети, дејуридизација, диверзија од формалната казнена постапка; казната затвор да се користи како последна казна само за најсериозните казнени дела; се препорачува, исто така, изрекување пократки казни затвор бидејќи долгите го актуализираат прашањето за пренатрупаноста; уште повеќе се препорачува декриминализација на одредени поведенија и рекласификација на казнените дела.

Сето ова, и уште многу други фактори придонесуваат во казнено-правната теорија и практика да се обликува концептот на ефикасна примена на „алтернативни мерки” што треба да ја заменуваат казната затвор.

**Референци:**

- Bottoms, A., Rex, S. and Robinson, G. (2004) "Alternatives to prison: options for an insecure society", Cullompton: Willan Publishing.
- Cohen, S., Taylor, L. (1972) "Psychological survival", Hammondsworth: Penguin.
- Foucault, Michel (1977) "Discipline and Punish: The Birth of the Prison", London: Penguin.
- Jeremy Bentham (1787) "Panopticon Letters".
- Killias, Martin, Villettaz, Patrice and Zoder, Isabel (2006) "The Effects of Custodial vs. Non-Custodial Sentences on Re-Offending: A Systematic Review of the State of Knowledge", The Campbell Collaboration.
- Krestev, J., Prokipidis, P. and Sycamnias, E., (2004) "The Psychological Effects of Imprisonment", http://www.uplink.com.au/lawlibrary/Documents/Docs/Doc82.html.
- Liebling, A. and Maruna, S., (Eds.) (2005) "The Effects of Imprisonment", Willan Publishing: London.
- McLaughlin, E., Muncie, J., (2003) "The Sage Dictionary of Criminology", London: Sage Publications.
- Morris, Norval/ Michael Tonry, "Between prison and probation: intermediate punishments in a rational sentencing system", Oxford University Press paperback, 1991.
- Sykes, Gresham (1958) "The Society of Captives", Princeton: Princeton University Press.
- Walmsley, Roy (2015) World Prison Population List eleventh edition, Institute for Criminal Policy Research http://www.prisonstudies.org/sites/default/files/resources/downloads/world_prison_population_list_11th_edition.pdf
- Weatherburn, Don and Bartels, Lorana, (2008) "The Recidivism of Offenders Given Suspended Sentences in New South Wales, Australia", The British Journal of Criminology, 48:667-683.
- www.stat.gov.mk
- Žakman-Ban, V., Romić, P. I Poldrugač, Z., (1997) „Povezanost povrata počinitelja kaznenih djela razbojništva i razbojničke krađe i procjene učinkovitosti njihova institucionalnoga penološkog tretmana" u Hrvatski lijetopis za kazneno pravo i praksu, vol. 4, br. 1, str. 111-128.
- Арнаудовски, Љ./ Груевска-Дракулевски, А. (2013) „Пенологија"(прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје.
- Груевска-Дракулевски, Александра (2010) „Влијанието на казната затвор врз рецидивизмот" (докторска дисертација), Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје.
- Груевска-Дракулевски, Александра (2012) „Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011", Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК 343, година 18 и 19, Бр.1-2, 2011/2012, ISSN 1409-5327, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2 Август С Штип, стр.157-198 (изворна научна статија).
- Груевска-Дракулевски, Александра (2014) „Пенитенцијарниот систем, положбата и заштитата на правата на осудените лица", Судската заштита на човековите права во Република Македонија, Научна и стручна расправа одржана во Скопје на 8 октомври 2014 година, книга 6, МАНУ, Скопје.
- Груевска-Дракулевски, Александра (2016) „Затвор и рецидивизам", Скопје: Студиорум.
- Дополнување на Препораката (Appendix to Recommendation No. R (99) 22).

- Дополнувањето на Препораката (Appendix 2 to Recommendation Rec(2000)22).
- Дополнувањето на Препораката (Appendix to Recommendation Rec(2003)22).
- Закон за пробација („Службен весник на РМ“ бр. 226/2015 година).
- Камбовски, Владо (2006) „Казнено право (општ дел)“, Скопје: Печатница „2-ри Август“, Штип.
- Препорака (2000) 22, за подобрување на имплементацијата на Европските правилата за санкции и мерки во заедницата во државите членки (Recommendation Rec(2000)22 of the Committee of Ministers to member states on improving the implementation of the European rules on community sanctions and measures (Adopted by the Committee of Ministers on 29 November 2000 at the 731st meeting of the Ministers' Deputies).
- Препорака (2003)22 за условен отпуст (Recommendation Rec(2003)22 of the Committee of Ministers to member states on conditional release (parole) (Adopted by the Committee of Ministers on 24 September 2003 at the 853rd meeting of the Ministers' Deputies) Appendix to Recommendation Rec(2003)22)
- Препорака бр. Р(99)22 на Комитетот на министри на земјите членки во врска со затворската пренатрупаност и зголемување на затворската популација (усвоена од страна на Комитетот на министри на 30 септември 1999 година) (Recommendation No. R (99) 22 of the committee of ministers to member states concerning prison overcrowding and prison population inflation)
- Препорака во врска со затворската пренатрупаност (Recommendation No. R (99) 22);
- Препорака Р. (92) 16 за Европските правила за алтернативните санкции и мерки применувани во заедницата (community sanctions and measures).

**Associate Professor Dr. Aleksandra Gruevska - Drakulevski**[3]

# BETWEEN IMPRISONMENT AND PROBATION: ADVANTAGES AND DISADVANTAGES OF (NON)IMPLEMENTATION OF ALTERNATIVE MEASURES AND PRISON SENTENCE[4]

**1.02 Review Article**
**UDK**

## Summary

The author of the paper deals with the basic problem of the criminal law theory and practice - identification, choice of means and methods, sanctions for the most successful, most efficient prevention, suppression and prevention of crime. Analyzing the penal policy of the courts in the country, the author concludes that sanctions that are mostly imposed by the courts are imprisonment and conditional prison sentence. Imprisonment is used too much; and conditional prison sentence is used even more. And between the two penalties there is almost a vacuum of imposing other sanctions. This is a trend that we see not only in the domestic case law, but also in many other countries. Further in the paper the author sets out the main criticisms to imprisonment and the advantages of the alternative measures. Opposing the arguments regarding the advantages and disadvantages of (non)application of alternative measures and imprisonment, the author concludes that the criminal legal theory and practice of our state should be creating a concept of efficient use of "alternative measures". They should replace prison sentence. Also, the author analyzes the most important international documents that recommended a restrictive application of imprisonment on account of wide application of non-institutional treatment.

**Keywords:** imprisonment, alternative measures, conditional sentence, probation, international documents, recidivism, crime policy, penal policy of courts.

---

[3] Associate Professor at the University "St. Cyril and Methodius", Faculty of Law "Iustinianus Primus" in Skopje, Institute of Criminal Law, Department of Criminology and Penology.
E-mail: aleksandra_gruevskadrakulevski@yahoo.com.

[4] The paper was presented at the scientific and expert discussion on "Judicial sentencing and practical application of alternative measures in the national legislation" organized by the Association for Criminal Law and Criminology of Macedonia (ACLCM) in collaboration with the Association of Judges of the Republic of Macedonia (AJM ) and IRZ - the German Foundation for international legal cooperation, held on 11.23.2016 in hotel Arka, Skopje.

[i] „Соодветната борба против криминалитетот, како главна цел на казнената политика, бара поголемо залагање при изучувањето на етиологијата на криминалитетот во општеството и примена на нови, соодветни и подобри мерки од постоечките со цел да се постигнат целите на казнената политика - сузбивање на криминалитетот. Ниту една држава не успеала да го искорени криминалитетот како негативна и опасна реална општествена појава, но секоја држава презема мерки за контрола и превенција, кои се интегрирани во казнената политика како дел од севкупната политика, со цел криминалитетот да може да се држи под контрола. Не може да се очекува дека ќе биде пронајден лек за антисоцијалното, криминално поведение, како што не може да се очекува да се најде решение за проблемот на криминалот. Реалноста е далеку од бајка. Вистината е дека во светот во кој живееме има луѓе што сторуваат казнени дела, има жртви на криминал, и има казненоправен систем што произведува значителен број на криминалци. Она кон што треба да се тежнее е да се најде решение за фаќање во костец со причините на криминалитетот, да се преземат активности што ќе го намалат истиот до одреден степен што ќе биде прифатлив и лесно ќе се контролира. А, единствен пристап за сузбивање на криминалитетот секако дека не постои, потребно е да се превземат бројни интервенции со цел максимизирање на ефективноста.“

[ii] „Понатаму, „алтернативите“ даваа лажни ветувања за намалување на присутната пренатрупаност во американските затвори. Движењето за „алтернативи” го нудеше тоа како главен аргумент за својата поддршка. Но, вистината е дека “средни казни” - условна осуда со надзор, значителни парични казни, општокорисна работа во заедницата, контроли во домот, третман, (intensive probation, substantial fines, community service orders, residential controls, treatment orders) имаат тенденција во моментов да пружат повеќе отколку казната затвор и условната осуда.”

[iii] За ова в. повеќе: Груевска-Дракулевски, Александра (2016) „Затвор и рецидивизам“, Скопје: Студиорум.

[iv] Panopticon е тип на затворска зграда дизајнирана од англискиот филозоф Jeremy Bentham во 1785. Концептот на дизајнот е да му овозможи на набљудувачот да ги набљудува (-opticon) сите (pan-) затвореници, а притоа затворениците да не знаат дека се под обсервација. Еден архитект го нарекол дизајнот „чувство на невидливо сѐ знаење“; Bentham самиот го опишал Panopticon како „нов начин за постигнување на сила на свеста над свеста“. “Моралот реформиран - здравјето зачувано - зацврстена индустријата - ... - сето тоа остварено со обична идеја во архитектурата“.Архитетура на затворот: вклучува централна кула во кружна зграда која е поделена на ќелии, секоја ќелија има внатрешен и надворешен прозорец. Затворениците се изолирани еден од друг со ѕидови, а ги набљудува набљудувач кој се наоѓа во кулата и останува невиден. Bentham, исто така, предвидел не само венецијанер ролетни за да не се гледаат осудениците меѓу себе, туку и поврзаност во вид на лавиринт, така што се избегнува секаква бучава поради која може да се открие присуството на набљудувачот. Bentham постанува архитект на она што Goffman го нарекува ’тотални институции’.

[v] Бартон (Barton) (1966, цит. во Liebling and Maruna: 2005) пишува за т.н `институционална неуроза`, па, вели: „... болест што се карактеризира со апатија, загуба на интерес за нешта што се лични, ..., потчинување, и понекогаш не покажување чувства на јад за груби или нефер наредби. Исто така, постои недостаток на интерес за иднината и очигледна неспособност да се прават практични планови за неа, губење на личните навики и стандардите генерално, недостаток на индивидуалност и покорно прифаќање дека нештата ќе се случат какви што се – непроменливи, неизбежни и неодредени“ (стр.4).
Престојот во казнена институција особено ако е со подолго траење, може, помеѓу останатото да доведе до зголемена депресивност и параноидност. Оваа поставка е потврдена со истражување спроведено во Хрватска (Knezović *et al.*: 1989 цит. во Žakman-Ban: 1997).
Затворениците кога ќе излезат од затвор се плашат да им веруваат на луѓето, се плашат од непознатото и имаат визија за светот онаква каква што имаат во затвореничкото општество. Милер (Miller) (2001, цит. во Liebling and Maruna: 2005) пишува дека за штотуку отпуштеното лице од затвор турканиците во метрото, посегањето по тоалетна хартија пред него во јавен тоалет, или само поглед од страна на некое лице е сигнал за физички напад (стр.1).
Според зборовите на еден затвореник кој се наоѓа на издржување на казна затвор во КПД Идризово, „... околината нема да нѐ прифати. Како би се снашле. За нас најбезболно е да нѐ наредат на ѕид и да нѐ стрелаат...“ („Вест“, 9/10 февруари 2008).
Причина за ова е секако губењето на контакт со останатиот свет, принудна мрзеливост/неработица и губење на одговорност, авторитарниот однос на вработените во затворот, загубата на лични ствари и пријатели, препишаната медицинска терапија и недостаток на планови надвор од институцијата (Barton (1966, цит. во Liebling and Maruna: 2005).

[vi] Милграм (Milgram) (1974) во својата студија ја истражувал подготвеноста да се почитуваат морално погрешни и физички опасни дејствија. Заклучокот до кој дошол е дека обичните граѓани е поверојатно да ги почитуваат наредбите/инструкциите што ги добиваат од лица кои се во униформа, т.е своето поведение го усогласуваат со инструкциите добиени од легитимен авторитет. Луѓето се во можност да ја напуштат својата хуманост во големи институционални структури, а авторитарните структури може добрите луѓе да ги вклучат во погрешни работи. Многумина, притисокот го надминуваат со избегнување или одбивање на ваквите инструкции и продолжуваат со својата работа.
Како потврда на ова често пати во литературата се истакнува експериментот 'Затворот Stanford' ('The Stanford Prison'). Имено на две групи на студенти со просечно здравје им биле доделени улоги на затвореници на едната група и надзорници на другата група. Подрумот на Институтот за психологија го направиле затвор под раководство на психолози. „Чуварската служба" била облечена во униформи, а на „затворениците" им биле ставен окови на едната нога за да ги потсетува на репресијата на затворот. Планирано било експериментот да трае две недели, но бил прекинат на шестиот ден. Веќе после петтиот ден "затворенците" доживеале емоционален крах, врištеле хистерично, биле дезорганизирани, удирале со глава во ѕид и одбивале да јадат, а од друга страна, „надзорниците" не покажале сочуствување со нив (Krestev *et al.:* 2004).
[vii] В повеќе Груевска-Дракулевски, Александра (2012) „Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011", Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК 343, година 18 и 19, Бр.1-2, 2011/2012, ISSN 1409-5327, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2 Август С Штип, стр.157-198 (изворна научна статија).
[viii] Закон за пробација („Службен весник на РМ" бр. 226/2015 година).
[ix] Пр.: КПД Идризово е димензиониран за 700-800 лица, а сместува околу 2.000 осуденици. Во Службата за превоспитување и ресоцијализација стандардот е еден воспитувач да биде задолжен за 30-40 осуденици, а сегашниот однос во Република Македонија е еден воспитувач на 120 осуденици.
[x] Препорака Р. (92) 16 за Европските правила за алтернативните санкции и мерки применувани во заедницата (community sanctions and measures); Препорака (2000) 22, за подобрување на имплементацијата на Европските правилата за санкции и мерки во заедницата во државите членки; Препорака во врска со затворската пренатрупаност (Recommendation No. R (99) 22); Дополнување на Препораката (Appendix to Recommendation No. R (99) 22).